# Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој, по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба

**Службен весник на Р. Македонија бр.114 од 14.09.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската банка за обнова и развој, по договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/2002), членот 4 се брише.

**Член 2**

Членот 5, се менува и гласи:

"Кредитот од член 1 на овој закон, го отплаќа акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, како правен следбеник на Управата за цивилна воздушна пловидба од сопствени и други приходи, во рокови и услови утврдени во Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба и корисникот на аеродромската инфраструктура".

**Член 3**

Членот 7 се брише.

**Член 4**

Висината на делот од кредитот по основ на Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба и начинот на неговата отплата од страна на акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, како и висината на делот од кредитот и начинот на неговата отплата, кој корисникот на аеродромската инфраструктура е должен да го префрли на акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, ги пропишува Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 5**

Акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, потпишува договор со Министерството за финансии за регулирање на правата и обврските кои произлегуваат од Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".